Врз основа на член 44 став (4) од Законот за виното (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 74/24 и 208/24), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ОСНОВНИТЕ ПАРАМЕТРИ КОИ СЕ ПРЕДМЕТ НА ФИЗИЧКО - ХЕМИСКА АНАЛИЗА НА ВИНОТО, ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ ВО ОДНОС НА ПРОСТОРИИТЕ И ОПРЕМАТА КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ ОВЛАСТЕНИТЕ ЛАБОРАТОРИИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ФИЗИЧКО - ХЕМИСКА АНАЛИЗА НА ВИНОТО ЗАРАДИ СТАВАЊЕ НА ВИНОТО ВО ПРОМЕТ И НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ НА ОВЛАСТУВАЊЕТО ЗА ВРШЕЊЕ НА ФИЗИЧКО - ХЕМИСКА АНАЛИЗА НА ВИНОТО

## Член 1

Со овој правилник се пропишуваат основните параметри кои се предмет на физичко- хемиска анализа на виното, поблиските услови во однос на просториите и опремата кои треба да ги исполнуваат овластените лаборатории за вршење на физичко - хемиска анализа на виното заради ставање на виното во промет и начинот на издавање на овластувањето за вршење на физичко - хемиска анализа на виното.

## Член 2

Основните параметри кои се предмет на физичко - хемиска анализа на виното заради издавање на решение за ставање на виното во промет се:

1. Густина и специфична тежина на 20°,
2. Содржина/јачина на алкохол по волумен,
3. Вкупен сув екстракт,
4. Вкупни киселини,
5. Испарливи киселини,
6. Вкупен сулфур диоксид,
7. Слободен сулфур диоксид,
8. Редуцирачки супстанци/шеќери,
9. Лимонска киселина и
10. pH.

## Член 3

(1) Овластените лаборатории за вршење на физичко - хемиска анализа на виното заради ставање на виното во промет (во понатамошниот текст: овластените лабаратории) треба да располагаат со посебни простории за вршење на физичко - хемиска анализа на виното, складирање и чување на мостри.

(2) Овластените лаборатории треба да поседуваат известување за започнување за вршење на дејност издадено од Министерство за економија и труд - Државен инспекторат за труд за да можат да вршат физичко – хемиска анализа на виното.

(3) Просториите од став (1) на овој член треба да имаат стабилна и контролирана температура и влажност на воздухот, да бидат оптимално осветлени и да бидат поврзани на постојана и стабилна електрична мрежа.

Член 4

(1) Овластените лаборатории треба да располагаат со опрема за утврдување на параметрите од член 2 од овој правилник со примена на објавените и препорачани методи за физичко - хемиска анализа на виното на Меѓународната организација за лозарство и винарство (ОИВ), согласно член 36 од Законот за виното (*).

(2) Овластените лаборатории покрај опремата од став (1) на овој член треба да располагаат и со опрема за мерење на шеќерните единици на грозјето на места каде што се врши откуп на винско грозје.

Член 5

(1) Лабораториите кои ги исполнуваат условите од членовите 3 и 4 од овој правилник доставуваат барање за овластување за вршење на физичко - хемиска анализа на виното и докази за исполнување на условите од член 44 став (2) од Законот за виното (*), како и известувањето од член 3 став (2) од овој правилник до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(2) По приемот на барањето, доказите и известувањето од ставот (1) на овој член, државен инспектор за земјоделство на лице место го констатира исполнувањето на условите од членовите 3 и 4 од овој правилник и составува записник.

(3) Врз основа на записникот на државниот инспектор за земјоделство од ставот (2) на овој член, лабораторијата се овластува од страна на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство за вршење на физичко - хемиска анализа на виното, заради издавање на решение за ставање на виното во промет.

Член 6

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за основните параметри кои се предмет на физичко- хемиска анализа на виното, поблиските услови во однос на просториите и опремата кои треба да ги исполнуваат овластените лаборатории за вршење на физичко-хемиска анализа заради ставање на виното во промет и постапката за издавање на овластувањето за вршење на физичко - хемиска анализа на виното („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 198/23).

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 37-9627/3

19 септември 2025 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство

**Цветан Трипуновски,** с.р.